# Основни права

Институт за европска политика. Скопје

## Усогласеност на националната правна и институционална рамка со меѓународни и ЕУ стандарди




*За правата на лицата со попреченост и за правата на лицата кои припаѓаат на малцинствата и културни права не е дадена описна оценка за нивото на усогласеност.

**Усогласено**
**Слобода на собир и здружување**

Општа препорака: Треба да се вложат повеќе напори за спроведување на пресудите на Европскиот суд за човекови права во однос на регистрацијата на здруженијата.

**Во голема мера усогласено**
**Општа рамка**

Општа препорака: Сè уште треба да се пополнат преостанатите празнини за целосно да се усогласи домашното законодавство со законодавството на ЕУ, вклучително и со Повелбата за основните права и Европската конвенција за човекови права.

**Во голема мера усогласено**
**Право на живот и интегритет на личноста,човеково достоинство**

Општа препорака: Земјата треба да се усогласи со Повелбата за основните права во однос на одредбите кои ги покриваат областите на медицината и биологијата за зајакнување на правните гаранции за интегритетот на личноста.

**Во голема мера усогласено**
**Права на ЛГБТИК**

Општа препорака: Треба да се подобри спроведувањето на законите кои ги уредуваат правата на ЛГБТИК лицата, да се зголеми промоцијата на еднаквост и осуда на говорот на омраза, криминалот од омраза, дискриминацијата и нетолеранцијата, а политичарите треба да се воздржат од употреба на дискриминаторски јазик.

**Генерално усогласено**
**Право на брак и основање семејство**

Општа препорака: Треба да се промовираат поефективни политики за подигање на свеста на ниво на заедница, како и за превенција и поддршка за децата во малолетнички брак.

**Генерално усогласено**
**Право на сопственост**

Општа препорака: Потребни се подобрувања во процесот на спроведување на имотните права бидејќи сегашните процедури се долги и скапи за граѓаните, поради недостаток на централна институција и недостаток на координација помеѓу институциите кои се занимаваат со овие права.

**Генерално усогласено**
**Слобода на мислата, совеста и религијата**

Општа препорака: Се поттикнува Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи да организира меѓурелигиски дијалог и да ја подобри соработката меѓу верските заедници.

**Делумно усогласено**
**Заштита на личните податоци**

Општа препорака: Треба да се доврши преуредувањето на правната рамка за да се обезбеди целосно усогласување со Општата регулатива за заштита на личните податоци.

**Генерално усогласено**
**Превенција на мачење и нечовечно или понижувачко постапување и затворски систем**

Општа препорака: Националниот превентивен механизам (НПМ) треба да добие доволно средства што ќе овозможат регрутирање на дополнителен специјализиран кадар. Во однос на малтретирањето од страна на полицијата, Северна Македонија треба да обезбеди сите инциденти да се истражат без одлагање и да се воспостави заштита против лошото постапување од страна на полициските службеници.

**Делумно усогласено**
**Мерки за борба против расизмот и ксенофобијата, говорот на омраза и кривичните дела од омраза**

Општа препорака: Потребна е ревизија на Кривичниот законик за вклучување одредби за борба против говорот на омраза, и генерално, неопходни се подобрувања на законската рамка во тој аспект. Потребно е и усогласување со Директивите на Советот 2000/43/ЕЗ за спроведување на принципот на еднаков третман на лицата без разлика на расното или етничкото потекло.

**Делумно усогласено**
**Недискриминација**

Општа препорака: Неопходно е понатамошно усогласување на други закони со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**Делумно усогласено**
**Родова еднаквост и права на жените**

Општа препорака: Неопходно е усвојувањето на предлог-законот за родова еднаквост, како и понатамошно усогласување со одредбите од Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилството против жените и семејното насилство

**Делумно усогласено**
**Права на лицата жртви на насилство**

Општа препорака: Неопходно е да се вложи напор за целосно усогласување во оваа област со цел обезбедување заштита и поддршка за жртвите на насилство во најкус рок.

**Делумно усогласено**
**Процедурални права**

Општа препорака: Се уште постојат празнини кои треба да се адресираат со цел целосно усогласување со стандардите на ЕУ.

**Делумно усогласено**
**Мерки за борба против расизмот и ксенофобијата, говорот на омраза и кривичните дела од омраза**

Општа препорака: Потребна е ревизија на Кривичниот законик за вклучување одредби за борба против говорот на омраза, и генерално, неопходни се подобрувања на законската рамка во тој аспект. Потребно е и усогласување со Директивите на Советот 2000/43/ЕЗ за спроведување на принципот на еднаков третман на лицата без разлика на расното или етничкото потекло.

**Неусогласено**
**Права на детето**

Општа препорака: Општественот и меѓупартискиот консензус е недоволен за клучните законодавни реформи за премостување на правните празнини, со цел исполнување на потребите и најдобрите интереси на децата. Треба да се надмине неусогласеноста помеѓу домашните одредби за посвојувањето и меѓународните стандарди.

ЕУ со ТЕБЕ

Овој инфографик е подготвен во рамки на проектот„Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ“, финансиран од Европската Унија.
Содржината на овој инфографик е единствена одговорност на Институтот за европска политика (ЕПИ) - Скопје и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Европската Унија.